РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12 - 15/2
12. 03. 2013 год.
СКОПЈЕ

18.03.2013

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/1,151/11, 123/12 и 15/13), Одборот за акредитација и евалуација на 17 седница одржана на 26.02.2013 година, донесе

| Примено: 18-3-2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1019 | | |

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за усогласување и акредитација на студиската програма Ветеринарна медицина од трет циклус тригодишни студии на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1.Се акредитира студиската програма Ветеринарна медицина, трет циклус, тригодишни студии на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје усогласена со Законот за високото образование .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето

**О б р а з л о ж е н и е**

Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиските програми согласно измените од Законот за високото образование, како и одлуката за усвојување на студиските програми од Универзитетскиот сенат, достави елаборати до Одборот за акредитација и евалуација на 24.01.2013 година.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 16. седница одржана на 24.01.2013 година, формира експертска комисија и врз основа на доставениот елаборат и извештај на експертската комисија на 17. седница одржана на 26.02.2013 година одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски